# ЗГОЛЕМИ ЈА СВОЈАТА СИГУРНОСТ НА ФЕЈСБУК

**Иако *Фејсбук*, покрај мобилните телефони, стана едно од најважните средства за комуникација меѓу тинејџерите, не е реткост поради оваа социјална мрежа да се случуваат различни непријатности. Затоа, покрај уживањето и незадолжителната комуникација, треба да обрнете внимание на некои работи и да ја зголемите својата сигурност.**



## Не оставај лични податоци

Многумина велат дека е најдобро да се избрише и годината на раѓање и да се остават само денот и месецот. Сега засега таа не може да биде искористена, но подоцна, кога ќе станете полнолетни, може да ги упати на вашиот единствен матичен број, па да се случат различни измами. Не објавувај ги броевите на фиксен и мобилен телефон, како и адресата на живеење. Иако мислиш дека твоите податоци ги гледаат само твоите пријатели, мнозина од нас не знаат кој може да дојде до овие податоци.

## Внимателно со фотографиите

Не се ретки случаите наставниците преку *Фејсбук* да ги проверуваат своите ученици, па затоа внимавај какви фотографии ставаш. Ако сакаш да се пофалиш како си поминал/а викендов, размисли пред да ја ставиш фотографијата која ќе сведочи за тоа. Интересен е случајот со едно американско семејство чија фотографија се појавила на еден плакат во Европа. Значи, станува збор за јавна страница и сè што ќе ставиш таму може да се искористи без никој да побара дозвола од тебе.



## Ништо не е приватно

Така е, на *Фејсбук* ништо не е 100% приватно. Ако мислиш дека некоја твоја објава на ѕидот ќе ја види само пријателот кому му е наменета – се лажеш. Таа може да им биде достапна на сите само со едно пребарување на *Гугл*. Значи, објавувај само општи работи, а личните остави ги за телефонски или за разговор во четири очи.

## Не прифаќај ги сите барања за пријателства

Иако некои сметаат дека е супер да се има стотици, па дури и илјадници „пријатели", знај дека вистинската вредност на пријателствата е во квалитетот, а не во квантитетот. Прифати ги барањата само на оние кои ги познаваш. Сети се дека зад фотките на некој симпатичен лик можеби се крие некој неразумен. Штом ќе прифатиш некого за пријател, стануваш лесен плен за манипулација.

## Биди пристоен/јна кон другите

Не објавувај ништо непримерно за другите луѓе. Исто како што тебе би ти било непријатно да чуеш нешто лошо за себе, така е и со другите луѓе. Тинејџерите, за жал, често го користат *Фејсбук* како арена за изживување над другите тинејџери, и тоа оние со кои се замериле в училиште, па ја користат оваа социјална мрежа да им вратат. Колку и да си лут/а, сети се дека сè е минливо и дека ако објавиш „војна", таа може да потрае и да биде испреплетена со навреди и лаги, а тоа сигурно не го сакаш.

## Не оставај ја отворена својата страница

Ова особено важи за компјутерите в училиште и на други јавни места, но и дома, особено ако имаш брат/сестра кои се мошне љубопитни или кои би сакале да се пошегуваат со тебе. Исто така, чувај ја својата лозинка и останатите податоци. Ако некој ги дознае и остави каква било непристојна порака преку твојот профил, тешко дека другите ќе ги убедиш дека ти не си го сторил/а тоа, туку некој друг.




Во соработка со Дирекција за заштита на личните податоци

## ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА ИНТЕРНЕТ

Порталите за забава и дружење ги поместуваат границите на она што општеството го нарекува интимен простор на личноста. Личните податоци се јавно достапни на едноставен начин и во голема мера, особено огромниот број на фотографии и видеа. Добрите страни на користењето на овие сервиси ни се познати на сите, но дали сме свесни и за ризиците од споделувањето на нашите лични податоци на интернет?!

### Препораките се следни:

★ Да размислиме добро пред да ги објавиме своите лични податоци (особено името и презимето, адресата и телефонскиот број) на порталите за забава и дружење.

★ Да ја почитуваме приватноста на другите. Да бидеме особено внимателни и со објавувањето на личните податоци или информации кои се однесуваат на друго лице, без негова согласност.

★ Да користиме различни податоци за идентификација на интернет. Корисничките имиња и лозинката е пожелно да бидат различни на различни веб–страници.



### Ако се појави проблем...

Доколку постои сомневање дека нашите лични податоци се злоупотребени на кој било начин, Дирекцијата за заштита на лични податоци е институцијата која е надлежна да го провери сомневањето.

Подготви: М. С.